**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ВИШ УПРАВЕН СУД**
**СУ.бр.0102-318/2022-2**
**01.09.2023 година**
**Скопје**

Претседателот на Вишиот управен суд, Исмета Амет, согласно со член 88 од Законот за судовите („Службен весник на РМ“бр.58/06, бр.150/10 и 83/18) и член 112 од Судскиот деловник („Службен весник на РМ“бр.66/2013,114/2014), на седницата на судии на Вишиот управен суд, одржана на ден 01.09.2023 година, ја утврди следната:

**ИЗМЕНА НА РАСПОРЕДОТ ЗА РАБОТА**
**НА ВИШ УПРАВЕН СУД ЗА 2023 ГОДИНА**
**за претседателот на судот и судиите, заведен под СУ.бр.0102-318/2022 од 29.12.2022 година и дополнување на Распоредот за работа на Виш управен суд за 2023 година, СУ.бр.0102-318/2022-21 од 09.06.2023 година**

Според член 113 од Судсиот деловник, („Службен весник на РМ“ бр.66/13,144/14), доколку настапат промени на условите под кои е донесен годишниот распоред за работа во судот и тоа се одразува на успешното работење на судот, во текот на годината може да се изврши негово изменување и дополнување согласно постапката за донесување од овој деловник.

**I**

Распоредот за работа на Виш управен суд за 2023 година – за претседателот на судот и судиите СУ.бр.0102-318/2022 од 29.12.2022 година и Дополнувањето на Респоредот за работа на Виш управен суд за 2023 година СУ.бр.0102-318/2023-1 од 09.06.2023 година, во **Глава III**, точките 1, 3 и 4 се менуваат и гласат:

**„ 1. Во I-от специјализиран судски совет за имотно – правна област и други права, се формира еден совет, во кој се распоредуваат судиите: судија Анита Данилова – претседател на совет, судија Лидија Георгиевска и судија Рина Исени, членови на совет, при што судијата Рина Исени, по предметите кои преку автоматизираниот компјутерски систем за управување со судски предмети АКМИС и се доделени во работа, ќе постапува и одлучува во III-от специјализиран судски совет за царински, даночни и други права.**

Во овој специјализиран судски совет се формира совет од петмина судии, согласно член 35 од Закон за изменување и дополнување на Законот за управни спорови (“Службен весник на Република Македонија“ бр. 150/10), за одлучување по тужби за повторување на постапка по одлуки кои ги донел Вишиот управен суд како суд пред кој е завршена постапката, за постапките за кои треба да се одлучува согласно Законот за управни спорови (“Службен весник на Република Македонија” бр.62/06 и 150/10) од областите кои се во надлежност на овој специјализиран судски совет, во кој се распоредуваат

судиите: судија Анита Данилова – Претседател на советот, судија Лидија Георгиевска, судија Рина Исени, судија Емрије Зубери Амити и судија Светлана Костова, членови на советот.

Во овој специјализиран судски совет се формира совет од тројца судии, а согласно член 17 в.в. член 91 став 3 од Законот за управни спорови ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр.96/19), кој ќе одлучува по тужби за повторување на постапка по одлуки кои ги донел Вишиот управен суд до денот на отпочнување на примена на овој закон, како суд пред кој е завршена постапката во кој се распоредуваат судиите: судија Анита Данилова – Претседател на советот, судија Лидија Георгиевска и судија Рина Исени членови на советот.

**3. Во III-от специјализиран судски совет за даночни, царински и други права, се формира еден совет, во кој се распоредуваат судиите: судија Светлана Костова – претседател на советот, судија Субхи Јакупи и судија Рина Исени, членови на советот.**

Во овој специјализиран судски совет се формира совет од петмина судии, согласно член 35 од Закон за изменување и дополнување на Законот за управни спорови ("Службен весник на Република Македонија бр. 150/10), за одлучување по тужби за повторување на постапка по одлуки кои ги донел Вишиот управен суд како суд пред кој е завршена постапката, за постапките за кои треба да се одлучува согласно Законот за управни спорови ("Службен весник на Република Македонија бр.62/06 и 150/10) од областите кои се во надлежност на овој специјализиран судски совет, во кој се распоредуваат судиите: Светлана Костова- претседател на совет, судија Субхи Јакупи, судија Рина Исени, судија Емрије Зубери Амити и судија Лидија Георгиевска– членови на советот.

Во овој специјализиран судски совет се формира совет од тројца судии,а согласно член 17 в.в. член 91 став 3 од Законот за управни спорови ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр.96/19), кој ќе одлучува по тужби за повторување на постапка по одлуки кои ги донел Вишиот управен суд до денот на отпочнување на примена на овој закон,како суд пред кој е завршена постапката во кој се распоредуваат судиите: Светлана Костова- претседател на совет, судија Субхи Јакупи и судија Рина Исени, членови на советот.

**Точка 4 се брише.**"

**II**

Распоредот за работа на Виш управен суд за 2023 година – за претседателот на судот и судиите СУ.бр.0102-318/2022 од 29.12.2022 година и Дополнувањето на Распоредот за работа на Виш управен суд за 2023 година, во **Глава IV**, точките 1, 2 и 3, се менуваат и гласат:

„**1.** Во случај на отсуство, спреченост или други оправдани причини на судија Анита Данилова како претседател на совет и како претседател на совет од петмина судии во првиот специјализиран судски совет, ја заменува судија Виолета Илиевска – претседател на совет. Во случај на отсуство, спреченост или други оправдани причини на судија Виолета Илиевска, како замена на судија Анита Данилова, ке ја заменува судија Светлана Костова – претседател на совет.

**2.** Во случај на отсуство, спреченост или други оправдани причини на судија Виолета Илиевска како претседател на совет и како претседател на совет од петмина судии во вториот специјализиран судски совет, ја заменува судија Светлана Костова – претседател на совет. Во случај на отсуство, спреченост или други оправдани причини на судија Светлана Костова како замена на судија Виолета Илиевска, ке ја заменува судија Анита Данилова– претседател на совет.

**3.** Во случај на отсуство, спреченост или други оправдани причини на судија Светлана Костова како претседател на совет и како претседател на совет од петмина судии во третиот специјализиран судски совет за даночни, царински и други права, ја заменува судија Анита Данилова – претседател на совет. Во случај на отсуство, спреченост или други оправдани причини на судија Анита Данилова, како замена на судија Светлана Костова, ке ја заменува судија Виолета Илиевска —претседател на совет.“

Во останатиот дел, Распоредот за работа на Виш управен суд за 2023 година – за претседателот на судот и судиите СУ.бр.0102-318/2022 од 29.12.2022 година и Дополнувањето на Распоредот за работа на Виш управен суд за 2023 година СУ.бр.0102-318/2023-1 од 09.06.2023 година, останува неизменет.

**III**

Наведената измена, е резултат на решението на Судски совет на Република Северна Македонија Бр.02-1687/1 од 31.08.2023 со кое на Мирјана Василевска, судија на Вишиот управен суд, заклучно со 30.08.2023 година, и е констатирано дека и престанува судската функција поради исполнување услови за старосна пензија.

Измената на Распоредот за работа на Виш управен суд за 2023 година, ќе важи до донесување нов распоред за работа на Вишиот управен суд.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВИШ УПРАВЕН СУД**
**ИСМЕТА АМЕТ**